ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 025
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 000
Е-пошта: info@fzo.org.mk

08- 5632/
11. 05. 2017

УПАТСТВО
ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА СПЕЦИФИЧНИОТ ВИД И ОБЕМ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА КОИ ФОНДОТ УТВРДУВА УСЛОВНИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

Со денот на стапување во сила на ова Упатство, престанува да важи Упатството за начинот на планирање, остварување и следење на специфичниот вид и обем на здравствени услуги за кои Фондот утврдува условни надоместоци за јавните здравствени установи број У 7.5/3-2 од 29.03.2017 година.

Директор,
Д-р Сашо Стефаноски

Директор,
Орхан Рамадани
Orhan Ramadani

Изготвил: Зорица Димитровска
м-р Марија Шоковска
Согласен: Бранислава Катушевска

[1] 08-5632/2 [2017]

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 025
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 000
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Содржина

Намена на упатството

Примена на упатството

Вовед

1. Планирање и обезбедување на специфичниот вид и обем на здравствени услуги 6

2. Следење и контрола на специфичниот вид и обем на здравствени услуги.....7

3. Начин на плаќање на специфичен вид и обем на здравствени услуги 8

4. Референтни документи.....10

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 025
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 000
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Намена на упатството

Упатството е наменето за планирање и обезбедување на специфичниот вид и обем на здравствени услуги како и следење, контрола и начин на плаќање на специфичниот вид и обем на здравствени услуги за кои Фондот има утврдено условни надоместоци со јавни здравствени установи.

Примена на упатството

Упатството го применуваат: здравствените установи кои имаат склучено договор со Фондот за обезбедување на здравствени услуги за осигурените лица и со кои Фондот има утврдено условни надоместоци за специфичен вид и обем на здравствени услуги, Фондот со подрачните служби (директорите на секторите, раководителите на одделенијата, раководителите на подрачните служби и одговорните лица за процесите планирање, договарање, следење и контрола на здравствени услуги во Фондот).

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 025
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 000
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Вовед

Согласно Законот за здравствено осигурување, за обезбедување на здравствени услуги на осигурените лица, Фондот склучува договори со здравствени установи. Надоместокот (буџетот) за обезбедени здравствени услуги на осигурените лица за секоја деловна година се утврдува со одлука на Управниот одбор на Фондот врз основа на планираните средства за болничка здравствена заштита во Планот и програмата за здравствени услуги и Буџетот на Фондот.

Со договорот е утврдено дека, видот и обемот на здравствените услуги опфатена со основниот пакет од дејноста за која има дозвола за работа од Министерството за здравство, здравствената установа ги обезбедува на товар на средствата на Фондот и ги понудува со план за секоја дејност поодделно за секоја година за периодот за кој се склучува договорот. Планот за вид и обем служи за статистичка анализа. Фонд со посебен план за специфичен вид и обем на здравствени услуги може да договори определен дел од понудениот план да се реализира во целост по квартали во текот на важење на договорот.

Доколку здравствената установа пружа здравствени услуги согласно Планот за специфичен вид и обем на здравствените услуги, во утврдениот надоместокот е вклучен износот за вкупна вредност на договорениот вид и обем на здравствени услуги предвидени за таа намена (условен надоместок).

Условните надоместоци од страна на Фондот за прв пат се воведени од април 2011 година. Оваа новина во здравствениот систем, Фондот и сите здруженија на пациенти со кои Фондот редовно соработува и комуницира, позитивно ја оценија. Затоа Фондот, согласно добиените информации од соработката со здруженијата на пациенти за области каде треба потикнување - стимулирање на ЈЗУ и во наредните години ја продолжува праксата на договарање на условни надоместоци но и проширување на видот и обемот на здравствени услуги каде за тоа има можност и интерес.

Фондот континуирано презема активности и мерки во насока на обезбедување на навремени и квалитетни здравствени услуги кои се неопходни за осигурениците, обезбедување на услуги со нови методи, специфични и скапи лекови, согласно медицина базирана на докази.

Воведувањето на специфичен вид и обем на здравствени услуги, како составен дел на договорите со дел од јавните здравствени установи, има за цел да се стимулираат здравствените установи да ги обезбедат оние услуги кои се дефицитарни или несоодветно планирани. Имено, сите здравствени установи кои како составен дел на договорот имаа и план за специфичен вид и обем во најголем дел истиот го реализираа и ги добија дополнителните условени средства. На тој начин на осигурените лица им беа обезбедени одредени услуги во зголемен обем и квалитет, вклучително и современи методи на лекување со современа терапија и апаратура, со кои се намалија и листите за чекање за одредени здравствени услуги. Истовремено, се зголеми одговорноста на конкретните ЈЗУ и се стимулираа директорите и докторите за отчетност и

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 025
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 000
Е-пошта: info@fzo.org.mk

оправдување на сработеното и се зајакнува улогата на Фондот како стратешки купувач на здравствени услуги.

Со склучувањето на договори со здравствените установи за обезбедување и извршување на здравствените услуги на осигурените лица, за период јануари –декември тековна година, покрај планот за видот и обемот за здравствените услуги кои здравствените установи треба да ги извршат во текот на годината, кај дел од јавните здравствени установи, од интерес за осигурените, се утврдува и посебен план за специфичен (**определен минимален**) вид и обем, од понудениот план на здравствени услуги.

Остварувањето на утврдениот план за специфичен вид и обем на здравствени услуги е директно поврзан со износот на договорениот условен надоместок за видот и обем на здравствените услуги од специфичниот план така што здравствената установа мора во целост да ги реализира здравствените услуги опфатени во планот за специфичниот вид и обем за да го обезбеди условниот надоместок.

Условните надоместоци претставуваат финансиски средства, како посебен дел од вкупните годишни договорени надоместоци (буџети) што јавните здравствени установи ги добиваат од Фондот, а за возврат треба да ги исполнат договорените здравствени услуги опфатени со специфичниот план за вид и обем.

Фондот обезбедените средства ќе ги исплати на ЈЗУ во целост само доколку се остварат сите здравствени услуги по вид и обем опфатени со условните надоместоци за секоја интервенција поодделно, за утврден временски период (квартал).

Следењето на остварувањето на здравствените услуги утврдени во Планот за специфичниот вид и обем се спроведува на **квартално ниво** со тоа што евидентно здравствената установа е должна да доставува **извештај на месечно ниво** до Фондот. **Врз основа на овие месечни извештаи** доставени од здравствените установи, **фактурираните здравствени услуги** како и **извршени контроли** од овластени лица на Фондот се следи остварувањето на планираните здравствени услуги опфатени со планот за специфичен вид и обем на здравствени услуги.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 025
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 000
Е-пошта: info@fzo.org.mk

1. Планирање и обезбедување на специфичниот вид и обем на здравствени услуги

Специфичниот вид и обем на здравствени услуги кои се во интерес за осигурените лица се предмет на преговарање, процес кој согласно законската регулатива се спроведува помеѓу Фондот и претставници од ЈЗУ за обезбедување на видот и обемот на здравствените услуги и финансиските средства за нивно остварување за секоја наредна година. Процесот на преговарање се спроведува во период ноември-декември секоја предходна година за наредната. Во рамките на преговорите помеѓу Фондот и претставници од ЈЗУ за обезбедување на видот и обемот на здравствените услуги, се преговара и за посебен план за вид и обем на специфични здравствени услуги кои треба здравствената установа да ги изврши во наредната година.

Планирањето на специфичниот вид и обем се врши:

- согласно реализирањето на специфичниот вид и обем на здравствени услуги во ЈЗУ за изминатиот период;
- потребата од зголемување на обемот на истите;
- потреба нови видови на здравствени услуги, методи и лекови и
- расположливите средства на Фондот за оваа намена.

За секоја ЈЗУ, за која се утврдува специфичен вид и обем на здравствени услуги, се договара точно определен вид и обем на услуги и соодветно на тоа условен надоместок (буџет) за реализирање на истите.

Здравствени услуги се прикажуваат во посебен образец, „План за специфичен вид и обем на здравствени услуги" кој е прилог на договорот. Планот за специфичниот вид и обем на здравствени услуги се потишува од двете договорни страни, од Фондот и од директорот на здравствената установа, додека во исклучителни случаи задолжително од Фондот. Истиот се доставува во електронска форма на меил адреса dogovori@fzo.org.mk, како и задолжително во хартиена форма.

Планот се доставува на годишно ниво, поделен по квартали и вкупно годишно, најдоцна до 31 јануари за тековната година.

Во планот, согласно утврдениот образец се искажуваат:

- шифра на здравствена услуга,
- вид на здравствена услуга,
- референтна цена на услугата или вредноста на терапијата,
- обем (количина) по квартали и вкупно на годишно ниво,

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 025
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 000
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- износ по квартали и вкупно на годишно ниво и
- забелешка за конкретно постапување (на пример кај количината да се прецизира дали станува збор за број на случаи, пациенти, терапии и сл).

Согласно насоките, здравствената установа го планира специфичниот вид и обем на здравствени услуги на годишно ниво, поделено по квартали така што не може да се врши репланирање на веќе утврден и верифициран план од страна на здравствената установа и Фондот за здравствено осигурување. Здравствената установа не треба да го менува планот во текот на годината и да го коригира видот и обемот на здравствени услуги од еден во друг квартал, освен во случај кога постојат објективни причини за неможноста за реализирање на планираниот специфичен вид и обем на здравствени услуги од страна на здравстсвената установа, во дадениот квартал, Фондот дозволува репланирање на здравствените услуги по квартали, така што здравствената установа е должна да достави нов план, со назнака за РЕ ПЛАН.

2. Следење и контрола на специфичниот вид и обем на здравствени услуги

Следењето на остварувањето на здравствените услуги утврдени во Планот за специфичниот вид и обем на здравствени услуги се спроведува врз основа на: **месечни извештаи** за извршени здратсвени услуги опфатени со планот за специфичен вид и обем доставени од здравствените установи кои здравствената установа задолжително ги доставува **до 5 во тековниот месец за извршените услуги од предходниот месец;** од **фактурираните здравствени услуги** (од ДСГ груперот за услугите кои се фактурираат по ДСГ методота и за останатите, од специјалистичко-консултативна и останата болничка здравствена заштита, од електронската фактура) како и со **извршена контрола од овластени лица на Фондот**. Во остварувањето на специфичниот вид и обем се земаат во предвид и услугите од лекарите од други здравствени установи со кои здравствената установа има склучено договор за меѓусебна соработка како и услугите реализирани од дисперзирани лекари.

Така, здравствената установа доставува до Фондот **месечен извештај** за реализирани здравствени услуги опфатени со специфичниот план за вид и обем. Во извештајот задолжително се искажуваа бројот на планирани и реализирани здравствени услуги, за секоја услуга пооделно, без разлика дали бројот на здравствени услуги е под или над планираниот обем. **Месечните извештаи за остварен специфичен вид и обем здравствената установа ги доставува до Фондот, најдоцна до петти во месецот за претходниот месец.** По истекот на кварталот здравствената установа задолжително доставува вкупен квартален надоместок до 5 во првиот месец од истекот на кварталот. При тоа, во месечните извештаи установата потребно е да ги искажува и услугите реализирани над планираниот обем. Така, доколку во наредниот квартал установата ги надополни неостварените услуги од претходниот квартал, средствата за истите во рамките на условниот надоместок ќе и бидат вратени на здравствената установа.

Основа за следење и контрола на овој вид здравствени услуги е образецот за Планот за специфичниот вид и обемот на здравствени услуги за тековната година. Следењето на планот за специфичниот вид и обем се спроведува од одделението за договарање и преговарање, врз

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 025
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 000
Е-пошта: info@fzo.org.mk

основа на месечните извештаи од здравствените установи, фактурираните месечни здравствени услуги од страна на ЈЗУ и извештаите од извршените контроли на квартално ниво.

Контролата на специфичниот вид и обем ја вршат овластени лица од Секторот за контрола. Контролите можат да бидат вонтерински (статични) и терински во просториите на јавните здравствени установи.

За извршените контроли овластените лица за контрола изготвуваат извештаи за извршените контроли. Секторот за контрола, извештаите од извршените контроли на специфичниот вид и обем ги доставува до Секторот за финансиски прашања - одделението за буџетска координација, преговарање и договарање, по кои потоа се постапува.

Од одделението за преговарање и договарање од Секторот за финансиски прашања се изготвува анализа за остварениот специфичен вид и обем на здравствени услуги и се доставува на разгледување до директорите на Фондот по истекот на кварталот.

3. Начин на плаќање на специфичен вид и обем на здравствени услуги

Исплатата на условниот договорен надоместок зависи од реализацијата на здравствените услуги опфатени со специфичниот план за вид и обем на квартално ниво. Имено, утврдениот вкупен годишен договорен надоместок се содржи од два дела и тоа **основен** и **условен** надоместок, **кој се исплатува одделно за секој месец**. При тоа, основниот надоместок се исплатува како дванаесетинка, додека условниот надоместок ќе се исплатува во зависност од остварувањето во претходниот квартал и тоа:

- Во првиот квартал на годината за секој месец одделно ќе се исплатуваат основниот и условниот надоместок **во целост,**

- По истекот на кварталот, во наредниот месец, основниот надоместок ќе се исплатува во целост, **додека условниот надоместок ќе се исплатува според остварувањето од првиот квартал, но не повеќе од плански утврдениот вкупен износ за кварталот.**

    - Доколку здравствената установа не ги изврши планираните здравствени услуги определени во Планот за специфичен вид и обем на здравствени услуги, Фондот по истекот на кварталот, ќе ги намали условните надоместоци за соодветниот износ на неискористени средства за таа намена.

    - Во случај кога износот за намалување е поголем од месечниот износ на условниот надоместок за соодветниот месец, тогаш намалувањето ќе се врши и од наредниот месец.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 025
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 000
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- Доколку за наредниот квартал нема планиран условен надоместок, неостварениот износ од кварталниот надоместок кој треба да се намали, ќе се изврши во наредниот квартал во кој има планирано условен надоместок.

- За кварталите за кои не се утврдени кварталните условните надоместоци, **не се исплатува условен надоместок.**

Пример: Доколку условниот надоместок за првиот квартал е остварен 100%, **во месец април 2017** година условниот надоместок ќе се исплати во целост. Но, доколку остварувањето во првиот квартал е помало од 100%, условниот надоместок се намалува за износот на неостварениот специфичен вид и обем од првиот квартал. Доколку во вториот квартал здравствената установа ги изврши услугите кои биле во планот а не биле реализирани во првиот квартал, средствата намалени во април ќе бидат исплатени во јули, како порамнување во рамките на условниот надоместок. **Овој приод соодветно останува да се спроведува и за наредните квартали во текот на годината.**

Врз основа на Анализата за остварувањето на специфичниот вид и обем на јавната здравствена установа, доколку здравствената установа не го извршила планираниот вид и обем на здравствени услуги од соодветниот анализиран период, на УО на Фондот се предлага соодветно намалување на договорниот надоместок (во делот кој се однесува за условниот надоместок). Анализата на остварувањето на планот за специфичниот вид и обем на здравствени услуги (условен надоместок) и **предлогот за измена на договорниот надоместок за тековната година се доставува заклучно со 15 декември тековната година**.

Управниот одбор на Фондот, врз основа на предлогот за измена на договорниот надоместок за соодветната јавна здравствена установа, носи Одлука за намалување на договорениот надоместок за тековната година, за неостварениот износ од условниот надоместок.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 025
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 000
Е-пошта: info@fzo.org.mk

4. Референтни документи

- Закон за здравствено осигурување;
- Закон за здравствена заштита;
- Закон за евиденција од областа на здравството;
- Закон за лековите и медицинските помагала;
- Листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот;
- Одлука за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
- Закон за сметководство за буџети и буџетски корисници;
- Правилник за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;
- Одлука за утврдување на висината на учеството на осигураните лица во вкупните трошоцина здравствените услуги и лековите;
- Одлука за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита; во болничка здравствена заштита по ДСГ метода и останата болничка здравствена заштита;
- Упатство за фактурирање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита во здравствени домови, специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита во сите здравствени установи
- Договор за извршување и плаќање во специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита